РЕШЕНИЕТО Е ПРАВОСИЛНО
на ден 09-01 2012 год.
датум на заверка 13.05 2019 год.

**О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А**
**С К О П Ј Е**
*СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И СООБРАЌАЈ*
Одделение за урбанизам и просторно планирање
**Уп1Бр.28–15859 од 22.12.2011 год.**

Градоначалникот на Општина "Гази Баба"- Скопје, решавајќи по барањето на **ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,** поднесено под **Уп1Бр.28–15859 од 21.12.2011 год**, за издавање на одобрение за **отстранување на објекти на бул„Александар Македонски"бб во Скопје** од **втора** категорија, врз основа на член 99 став 2 и 10, од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130/09, 124/10 , 18/11, 36/11 и 54/11), го издава следното

**ОДОБРЕНИЕ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ**

На барателот **ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, бул„Александар Македонски"бб,Скопје,** му се одобрува отстранување на **објекти на бул„Александар Македонски"бб** во **Скопје,** од **втора** категорија изградени на **КП 1222/1 КО Гази Баба - Скопје, сопственост на Република Македонија.**

Одобрението за отстранување се издава за **целите објекти означени на КП 1222/1 КО Гази Баба** како зграда 2, зграда 4 и зграда 6.

Одобрението за отстранување се издава за **дел од објектите означени на КП 1222/1 КО Гази Баба** како зграда7, зграда 9 и зграда10.

Сопственикот на објектите е должен да ги означи објектите како опасни со соодветни ознаки, да постави заштитна ограда до отстранувањето на опасноста и да превземе итни мерки за отстранување на објектите.

Ако сопственикот на објектите не ги изврши горенаведените работи, тоа ќе го изврши општината Гази Баба.

Отстранувањето на објектите може да отпочне откако ова одобрение ќе стане правосилно во управна постапка.

Отстранувањето на објектите може да се врши согласно потребите и динамиката што ќе ја утврди барателот, односно истото може да се врши по делови или одеднаш за целата градба.

Ако сопственикот на објектите не постапи согласно со одобрението за отстранување, отстранувањето и расчистувањето на теренот ќе го изврши општината Гази Баба на трошок на сопственикот на објектите.

**О б р а з л о ж е н и е**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА** поднесе барање **Уп1Бр.28–15859 од 21.12.2011 год**, за издавање на одобрение за **отстранување на објекти на бул„Александар Македонски"бб** во **Скопје** од **втора** категорија изградени на **КП 1222/1 КО Гази Баба - Скопје, сопственост на Република Македонија.**

Со барањето инвеститорот ја приложи следната документација и докази:

- Доказ за сопственост на објектите: **Имотен лист бр.9168 од 08.07.2011год.**издаден од АКН.

-Копие од катастарски план бр.1106-3913/2011 од 07.03.2011година издадено од АКН Скопје.

- Проект за отстранување на објектите или нивни делови со тех. бр. **01-12/11 од 12.2011година** изработен од **ИВАНОВ инженеринг ДООЕЛ Битола** во четири примероци.

- Ревизија на проектот за отстранување на објектите или нивни делови со тех. бр.**03/1163** извршена од **ГЕОКОНТРОЛ ДООЕЛ Струмица.**

-Записник за увид на лице место бр.34-238 од 20.10.2011година издаден од општина Гази Баба Сектор за инспекциски работи Одделение за урбанистичко градежна инспекција, со кој е констатирано дека сите објекти се од дрвена конструкција која е дотраена, руинирана и во нестабилна состојба и како такви не се употребливи за функцијата за која се наменети-деловно административни простории.

Се задолжува барателот пред да отпочне со отстранување на објектите, да се обрати до Јавното Претпријатие Водовод и Канализација Скопје со барање за да извршат увид на лице место и да направат блиндирање на постоечките приклучоци за вода.

Се задолжува барателот пред да отпочне со отстранување на објектите, да се обрати до ЕВН Македонија АД, Скопје КЕЦ Васил Главинов со барање за да извршат увид на лице место и да ги исклучат објектите од дистрибутивната мрежа.

Се задолжува барателот, за отстранување на објектите, да ги информира и другите субјекти на чија инфраструктура се приклучени.

Врз основа на горе изнесеното и врз основа на член 99 став 2 од Законот за градење („Службен весник на РМ" број 130/09, 124/10 , 18/11, 36/11 и 54/11), а во врска со член 205 став 1 и член 209 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на РМ" број 38/05 и 110/08), се одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова одобрение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението преку овој орган до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250.00 денари административни такси.

Такса по тарифен број / од Законот за административни такси во износ од / денари е наплатена и приложена со барањето.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Инвеститорот
- Овластена градежна инспекција на Општината;
- Архива.

Постапката ја води
советник,
Благородна Илиќ, диа

раководител на одделение
Светлана Јованоска, диа.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Тони Трајковски**

РЕШЕНИЕТО Е ПРАВОСИЛНО
на ден 09 01 2012 год.
датум на заверка 13 05 2019 год.
Овластено лице

**О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А**
**С К О П Ј Е**

*СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И СООБРАЌАЈ*

Одделение за урбанизам и просторно планирање

**Уп1Бр.28–15858 од 22.12.2011 год.**

Градоначалникот на Општина "Гази Баба"- Скопје, решавајќи по барањето на сопственикот **ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,** поднесено под **Уп1Бр.28–15858 од 21.12.2011 год**, за издавање на одобрение за **отстранување на објекти на бул„Александар Македонски"бб** во **Скопје** од **втора** категорија, врз основа на член 99 став 2, од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130/09, 124/10 , 18/11, 36/11 и 54/11), го издава следното

## ОДОБРЕНИЕ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ

На барателот **ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, бул„Александар Македонски"бб,Скопје,** му се одобрува отстранување на **објекти на бул„Александар Македонски"бб** во **Скопје,** од **втора** категорија изградени на **КП 1222/1 и КП 1223 КО Гази Баба** во **Скопје,сопственост на општина Гази Баба.**

Одобрението за отстранување се издава за **целите објекти означени на КП 1222/1 КО Гази Баба** како зграда1, зграда 3 и зграда 5.

Одобрението за отстранување се издава за **дел од објектите означени на КП 1222/1 КО Гази Баба** како зграда7, зграда 8 и зграда10.

Одобрението за отстранување се издава за **целиот објект означен на КП 1223 КО Гази Баба** како зграда1.

Сопственикот на објектите е должен да ги означи објектите како опасни со соодветни ознаки, да постави заштитна ограда до отстранувањето на опасноста и да превземе итни мерки за отстранување на објектите.

Отстранувањето на објектите може да отпочне откако ова одобрение ќе стане правосилно во управна постапка.

Отстранувањето на објектите може да се врши согласно потребите и динамиката што ќе ја утврди барателот, односно истото може да се врши по делови или одеднаш за целата градба.

Трошоците за отстранување на објектите или на нивни делови и трошоците за расчистување на теренот ги сноси инвеститорот на објектите.

## О б р а з л о ж е н и е

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА** поднесе барање **Уп1Бр.28–15858 од 21.12.2011 год**, за издавање на одобрение за **отстранување на објекти на бул„Александар Македонски"бб** во **Скопје** од **втора** категорија изградени на **КП 1222/1 и КП 1223 КО Гази Баба** во **Скопје, сопственост на општина Гази Баба.**

Со барањето барателот ја приложи следната документација и докази:

- Доказ за сопственост на објектите: **Имотен лист бр.44320 од 03.03.2011год.**издаден од АКН.

-Копие од катастарски план **бр.1106-3913/2011** од **07.03.2011година** и Копие од катастарски план **бр.1106-3914/2011** од **07.03.2011година** издадени од АКН Скопје.

- Проект за отстранување на објектите или нивни делови со тех. бр. **01-12/11** од **12.2011година** изработен од **ИВАНОВ инженеринг ДООЕЛ Битола** во четири примероци.

- Ревизија на проектот за отстранување на објектите или нивни делови со тех. бр.03/1163 извршена од **ГЕОКОНТРОЛ ДООЕЛ Струмица.**

-Записник за увид на лице место **бр.34-213** од **12.10.2011година** издаден од општина Гази Баба Сектор за инспекциски работи Одделение за урбанистичко градежна инспекција, со кој е констатирано дека сите објекти се од дрвена конструкција која е дотраена, руинирана и во нестабилна состојба и како такви не се употребливи за функцијата за која се наменети-деловно административни простории.

Се задолжува барателот пред да отпочне со отстранување на објектите, да се обрати до Јавното Претпријатие Водовод и Канализација Скопје со барање за да извршат увид на лице место и да направат блиндирање на постоечките приклучоци за вода.

Се задолжува барателот пред да отпочне со отстранување на објектите, да се обрати до ЕВН Македонија АД, Скопје КЕЦ Васил Главинов со барање за да извршат увид на лице место и да ги исклучат објектите од дистрибутивната мрежа.

Се задолжува барателот, за отстранување на објектите да ги информира и другите субјекти на чија инфраструктура се приклучени.

Врз основа на горе изнесеното и врз основа на член 99 став 2 од Законот за градење („Службен весник на РМ" број 130/09, 124/10 , 18/11, 36/11 и 54/11), а во врска со член 205 став 1 и член 209 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на РМ" број 38/05 и 110/08), се одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова одобрение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението преку овој орган до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250.00 денари административни такси.

Такса по тарифен број / од Законот за административни такси во износ од / денари е наплатена и приложена со барањето.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Инвеститорот
- Овластена градежна инспекција на Општината;
- Архива.

Постапката ја води
советник,
Благородна Илиќ, диа

раководител на одделение
Светлана Јованоска, диа.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Тони Трајковски**

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
**Сектор за урбанизам и градежно земјиште**
**УП1 Бр.28 - 317/2019 од 13.06.2019 година**
**С К О П Ј Е**

РЕШЕНИЕТО Е ПРАВОСИЛНО
на ден 13.06. 2019 год.
датум на заверка 13.06 2019 год.
Овластено лице

Градоначалникот на Општина Гази Баба, врз основа на член 97 од Законот за општа управна постапка (Сл.весник 124/2015), постапувајќи по службена должност го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Во Одобрението за отстранување на објекти со УП1 бр.28-15858 од 22.12.2011 година, издадено од Општина Гази Баба – се врши исправка на следната грешка и се менува:

Во делот од диспозитивот на Одобрението за отстранување на објекти со УП1 бр.28-15858 од 22.12.2011 година, погрешно е напишано:

„Одобрението за отстранување се издава за **целите објекти означени на КП 1222/1 КО Гази Баба** како зграда 1, зграда 3 и зграда 5.

Одобрението за отстранување се издава за **дел од објектите означени на КП 1222/1 КО Гази Баба** како зграда 7, зграда 8 и зграда 10.

Одобрението за отстранување се издава за **целиот објект означен на КП 1223 КО Гази Баба** како зграда 1."

Делот од диспозитивот на Одобрението за отстранување на објекти со УП1 бр.28-15858 од 22.12.2011 година, се исправа и гласи:

„Одобрението за отстранување се издава за **целите објекти означени на КП 1222/1 КО Гази Баба** како зграда 1, зграда 3, зграда 5 и зграда 8

Одобрението за отстранување се издава за **дел од објектите означени на КП 1222/1 КО Гази Баба** како зграда 7 и зграда 10.

Одобрението за отстранување се издава за **целиот објект означен на КП 1223 КО Гази Баба** како зграда 1."

Останатите делови од Одобрението за отстранување на објекти со УП1 бр.28-15858 од 22.12.2011 година,донесено од Општина Гази Баба остануваат непроменети.

Оваа исправка има правно дејство од денот од кој произведува правно дејство Одобрението за отстранување на објекти со УП1 бр.28-15858 од 22.12.2011 година, и е составен дел на самото Одобрението за отстранување на објекти со УП1 бр.28-15858 од 22.12.2011 година, донесено од Општина Гази Баба.

### *О б р а з л о ж е н и е*

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА од Скопје, со адреса на ул. Архимедова бр.2 во Скопје, по службена должност изврши исправка на грешка во Одобрението за отстранување на објекти со УП1 бр.28-15858 од 22.12.2011 година, донесено од Општина Гази Баба.

Овој орган изврши увид во списите на предметот и констатира дека е направена техничка грешка при изработката на Одобрението за отстранување на објекти со УП1 бр.28-15858 од 22.12.2011 година донесено од Општина Гази Баба. Поради погоре наведеното овој орган одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на приемот непосредно до второстепениот орган односно до Министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работи од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административни такси, на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината, согласно 22-а член и член 37 - тарифен број 2 од Законот за административни такси (Сл.весник на РМ бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, испр. 7/06, 92/07, 88/08, 130/08, 06/10, 145/10 и 17/11)

Изготвил:
Светлана Јованоска

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
Градоначалник
Борис Георгиевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА СКОПЈЕ

РЕШЕНИЕТО Е ПРАВОСИЛНО
на ден 13.06.2019 год.
датум на заверка 13.06.2019 год.
Овластено лице

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
**Сектор за урбанизам и градежно земјиште**
**УП1 Бр.28 - 318 /2019 од 13.06.2019 година**
**С К О П Ј Е**

Градоначалникот на Општина Гази Баба, врз основа на член 97 од Законот за општа управна постапка (Сл.весник 124/2015), постапувајќи по службена должност го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Во Одобрението за отстранување на објекти со УП1 бр.28-158589 од 22.12.2011 година, издадено од Општина Гази Баба – се врши исправка на следната грешка и се менува

Во делот од диспозитивот на Одобрението за отстранување на објекти со УП1 бр.28-15859 од 22.12.2011 година, погрешно е напишано:

„Одобрението за отстранување се издава за **целите објекти означени на КП 1222/1 КО Гази Баба** како зграда 2, зграда 4 и зграда 6.

Одобрението за отстранување се издава за **дел од објектите означени на КП 1222/1 КО Гази Баба** како зграда 7, зграда 9 и зграда 10."

Делот од диспозитивот на Одобрението за отстранување на објекти со УП1 бр.28-15859 од 22.12.2011 година, се исправа и гласи:

„Одобрението за отстранување се издава за **целите објекти означени на КП 1222/1 КО Гази Баба** како зграда 2, зграда 4, зграда 6 и зграда 9

Одобрението за отстранување се издава за **дел од објектите означени на КП 1222/1 КО Гази Баба** како зграда 7 и зграда 10."

Останатите делови од Одобрението за отстранување на објекти со УП1 бр 28-15859 од 22.12.2011 година,донесено од Општина Гази Баба остануваат непроменети.

Оваа исправка има правно дејство од денот од кој произведува правно дејство Одобрението за отстранување на објекти со УП1 бр.28-15859 од 22.12.2011 година, и е составен дел на самото Одобрението за отстранување на објекти со УП1 бр.28-15859 од 22.12.2011 година, донесено од Општина Гази Баба.

***О б р а з л о ж е н и е***

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА од Скопје, со адреса на ул. Архимедова бр.2 во Скопје, по службена должност изврши исправка на грешка во Одобрението за отстранување на објекти со УП1 бр.28-15859 од 22.12.2011 година, донесено од Општина Гази Баба.

Овој орган изврши увид во списите на предметот и констатира дека е направена техничка грешка при изработката на Одобрението за отстранување на објекти со УП1 бр.28-15859 од 22.12.2011 година донесено од Општина Гази Баба. Поради погоре наведеното овој орган одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на приемот непосредно до второстепениот орган односно до Министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работи од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административни такси, на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината, согласно 22-а член и член 37 - тарифен број 2 од Законот за административни такси (Сл.весник на РМ бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, испр. 7/06, 92/07, 88/08, 130/08, 06/10, 145/10 и 17/11).

Изготвил:
Светлана Јованоска

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
Градоначалник
Борис Георгиевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА 1 СКОПЈЕ

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Сектор за инспекциски работи
Одделение за градежна инспекција,
инспекција за животна средина и
комунална инспекција
ИП.1 Бр.33-206 од 13.06.2019 год.
С К О П Ј Е

Овластениот градежен инспектор на Општината Гази Баба, врз основа на член член 134, став 1, алинеа 1 од Законот за градење ("Сл.Весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18) и член 42 од Законот за инспекциски надзор, во поглед за отстранување на недостатоците утврдени со Записникот ИП.1 Бр.33-206 од 13.06.2019 година донесе,

**Ре ш е н и е**
**за отстранување на градба**
Реден број од Дневникот на Овластениот градежен инспектор бр.206

1. **Се наредува на** непознат сторител **, да ги отсрани недостатоците утврдени во Записник ИП1 бр.33-206 од13.06.2019 год. и тоа:**
   **Да ја отстрани градбата на помошниот објект-портирница на КП бр.1222/4 КО Гази Баба со адреса на ул.Архимедова бб Скопје, која се состои од:**
   - Помошен објект-портирница, катност – приземје. Земјиштето на кое се наоѓа помошниот објект е во сопственост на Р.Македонија
   - **Рок: 3 (три) дена по прием на Решението**
2. Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување на градбата.
3. За направените трошоци при административното извршување на Решението ИП1 бр.33-206 од 13.06.2019 год. од страна на Општина Гази Баба ќе се донесе посебен Заклучок.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Овластениот градежен инспектор во Општината Гази Баба, постапувајки по службена должност изврши инспецкиски надзор на КП бр.1222/4 КО Гази Баба, адреса на ул.Архимедова бб Скопје, констатиран е постоечки објект – помошен објект-портирница, катност-приземје.

Помошниот објект-портирница спаѓа во втора категорија на градба согласно член 57 став 2 од Законот за градење ("Сл.Весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18 ).

Постоечката градба е: градба на помошен објект-портирница, катност-приземје од цврста градба.

Овластениот градежен инспектор при Општина Гази Баба во согласност со горе кажаното и согласно член 134, став1, алинеа 1 од Закон за градење („Сл. Весник на РМ" бр 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 35/18 и 64/18), донесе Решение како во дипозитивот.

**Жалбата против ова Решение не го одлага неговото извршување,** согласно член 137 став 4 од Законот за градење („Сл. Весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18).

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение може да се изјави жалба преку овој орган до Државната комисијата за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка во рок од 15 дена од денот на приемот .

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса и се поднесува во 2 примероци.

ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР
Милка Петковска диа